**Известување за концентрација со којасо која САЛУСтрговијасофармацевтски, медицинскиидругипроизводи, д.д., Словенија стекнува контрола врз Медорионд.о.о. зауслугидруштвосоограниченаодговорност, Хрватска (предмет бр. 08-92/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 20.06.2023 година,до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која **САЛУСтрговијасофармацевтски, медицинскиидругипроизводи, д.д.,** Литостројска цеста 46А, 1000 Љубљана, Словенија стекнува контрола врз **Медорионд.о.о. зауслугидруштвосоограниченаодговорност,** Улица Јанка Драшковиќа 5, 10430 Самобор, Република Хрватска.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности**

**САЛУСтрговијасофармацевтски, медицинскиидругипроизводи, д.д.,(**Салус) е матичното друштво на Групацијата на компании Салус ("Групација Салус").Групацијата Салус го генерира најголемиот дел од своите приходи преку своите претпријатија-ќерки САЛУС Трговија на големо, д.о.о. ("САЛУС Трговија на големо") и Санолејбор д.д. ("Санолејбор"), чија главна дејност е трговија на големо (Салус и Санолејбор) и трговија на мало (Санолејбор) со лекови, фармацевтски производи, медицински помагала, медицинска опрема и материјали.Друштвата во рамки на Групацијата Салус нудат и услуги за складирање, регулаторни, фармаковигилантни услуги, фармацевтски маркетинг и промоција, фармакоекономија.

Во Северна Македонија, Групацијата Салус е активно преку своето претпријатие-ќерка Царсо Пхарм, дооел Илинден кое е активно во застапување и маркетинг на трговски марки на водечки производители на фармацевтски производи.

**Медорионд.о.о.** е активно во дистрибуција на лекови за ретки болести и има остварено само незначителен промет во Северна Македонија во 2022 година од продажба на своите клиенти во Северна Македонија.Медорион нема никакви средства во Северна Македонија. Неговите активности во Северна Македонија првенствено се фокусирани на истражување на пазарот, создавање свест за ретките болести и достапни производи, како и едукација на здравствените работници на тема ретки болести. Медорион нема дистрибутивна мрежа во Северна Македонија, неговиот промет се генерира од повремена продажба на еден клиент.

Според подносителот на известувањето како релевантен пазар за оценка на предметната концентрација би можел да се дефинира големопродажниот пазар на лекови наменети за лекување на ретки и тешки болести во Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј" бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

23.06.2023 година
Скопје